Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 218/0306
10.10 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 14.09.2023 година, врз основа на примена жалба од :Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ за „Мотика“ ја донесе следната:

# МИСЛЕЊЕ

**Текстот со наслов: „Родители ја отпишале својата 4 годишна ќерка од градинка, затоа што таму читале книга за Парадата на гордоста, со слики од транс мажи во ФЕТИШ облека, а градинката во тоа не гледала ништо грешно!“ – не отстапува ниту од професионалните и етичките стандарди утврдени во Кодексот на новинарите на Македонија ниту од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 24 август 2023 година од Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР" пристигна жалба за текст со наслов „Родители ја отпишале својата 4 годишна ќерка од градинка, затоа што таму читале книга за Парадата на гордоста, со слики од транс мажи во ФЕТИШ облека, а градинката во тоа не гледала ништо грешно!" – објавен на 23.08.2023 од страна на порталот Мотика и на веб сајтот и на неговата сметка на социјалната мрежа Фејсбук.

Жалителот наведува во жалбата дека станува збор за објава со која се креира и се поттикнува говорот на омраза:
Медиумот има одговорност, „бидејќи дал простор за говорот на омраза со дезинформациите и со штуриот/слабиот текст. Го забележуваме и моментот на неотстранување на коментари со вознемирувачка содржина која вклучува не само говор на омраза туку детален опис за насилни дејствија. Според нас порталот креирал текст и се насочил кон кликови, а и не бришеле коментари и полн текст со наслов кој ќе му даде на читателот реално толкување".

Потоа жалителот се впуштил во широка експликација за тоа каде е објавена сторијата во медиуми на Запад и на кој начин ја третирале тамошните медиуми. Примерите беа проследени со соодветен превод и линкови, за потоа да се изнесе транскриптот на текстот објавен во „Мотика"...„Мотика.мк свесно создаваат клима во која ги загрозуваат човековите права или слободи на група граѓани и говорат со јазикот на омразата и дискриминаторскиот говор но и со штурото објаснување. Важно е да се нагласи и дека новинарот е должен да внимава дури и на начинот на кој ја пренесува информацијата", се наведува во дел од образложението на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, побара од Мотика да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од медиумот до СЕММ пристигна следниот одговор:
„Во целост ја отфрламе жалбата бидејќи подносителот се дрзнува да ја ограничува слободата на говорот на медиумот и се обидува да се меша во уредувачката политика на медиумот. Уште повеќе ја навредува и способноста на новинарите за концизно и прецизно изразување. Повторно ќе ја нагласам тенденциозноста на истата организација, да се пријавува се што е различно од нивниот став. При носењето одлука по жалбата, молам да се испитаат и начините на финансирање на гореспоменатата организација", се наведува во одговорот потпишан од лицето Давор Илиев.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби со мнозинство гласови утврди дека жалбата е неоснована и ја отфрли.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 14 септември 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Членовите на Комисијата најпрво констатираа дека содржината што е обжалена е отстранета од интернет просторот и на страницата на порталот и на Фејсбук сметката на истиот медиум.

Овие содржини се отстранети и покрај одговорот од Мотика од каде се отфрла жалбата по друг основ, мешање во уредувачката слобода и слободата на говор и не се согласува со наводите на жалителот. Сепак, откако е примена информацијата од страна на СЕММ за постоење на жалба против нив, медиумот ги отстранил содржините од интернет просторот.

Комисијата иако се согласува со дел од констатациите на жалителот особено дека новинарот и медиумот мора да внимаваат како ги пласираат сензитивните теми, сепак не смета дека основниот текст ги прекршува стандардите, дотолку повеќе што станува збор за реална сторија што се случила во В. Британија, а која тука е само преведена и со уредувачка автономија бил ставен оригинален наслов.

Иако членовите на Комисијата се согласуваат со жалбата дека медиумот не ги модерирал коментарите што содржат говор на омраза и на веб порталот и на неговиот профил на Фејсбук каде што исто така ја пренел објавата, а на тој начин прекршил дел од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите, Комисијата сепак го ценеше фактот дека медиумот веднаш ја отстранил севкупната содржина за оваа вест, а со тоа и коментарите.

Поради тоа Комисијата со мнозинство гласови донесе одлука дека нема прекршување на професионалните и етичките стандарди.

***

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Мери Јордановска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595